По подолга пауза го возобновивме едно од најстарите детски фестивалчиња во нашата држава "Распеано Детство 2021" кое се одржа по шеснаесети пат.

Фестивалот имаше меѓународен карактер, на него настапија гости од соседна Бугарија, претставници од детскиот фестивал "Златни Јаболки" од Ќустендил, а како гости се претставија и дечиња пеачи од фестивалот на детска песна "Распеано Симитче" од Крива Паланка. И двата фестивала се наши соработници и добри пријатели. Во иднина нашиот фестивал има договорено соработка со уште неколку фестивали од овој тип и тоа од Црна Гора, Србија, Косово и Албанија кои имаат желба за соработка и се надеваме дека наредната 2022 година ќе успееме да претставиме и дечиња пеачи и од овие наши блиски пријателски фестивали.

На овогодинешниот фестивал се претставија дваесет детски пеачки имиња, во најголем број од Куманово, а имаше и три пеачки имиња од Скопје што ни претставува особено задоволство бидејќи со ова ни се потврдува и широката распространетост и популарност на фестивалот кој измами голем интерес.

Фестивалот беше подржан од Градоначалникот на Општина Куманово, а на наше големо задоволство како Генерален спонзор се појави познатата компанија од фармацеутската индустрија групацијата Хемофарм Стада Група.

Целиот Фестивал, како и секоја песна пооделно може да се види на нашиот Ју Тјуб канал, посетете го и уживајте во прекрасните изведби на дваесетте нови детски песни, и повелете на наредното седумнаесетто по ред детско фестивалше кое ќе се одржи во месец мај наредната 2022 година.